РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Агенција за регулирање на железничкиот сектор

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР ЗА 2011 ГОДИНА

Бр.01-25/4

26.01.2011 година

Скопје

Врз основа на член 103 алинеја 2 од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10) и член 11 алинеја 4 од Статутот на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, Управниот одбор на Агенцијата на седницата одржана на 26.01.2011 година донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ

## на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2011 година

Во согласност со надлежностите и овластувањата утврдени со Законот за железнички систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10), работењето на Агенцијата во текот на 2011 година ќе биде засновано врз следните принципи:

- законитост;
- стручност;
- професионалност;
- транспарентност и
- одговорност во работењето.

Агенцијата во својата работа, заради унапредување на пазарот на железнички услуги во Република Македонија, ги има предвид препораките на Европската Комисија и најдобрите светски практики.

## I. АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА

Агенцијата во текот на 2011 година, преку својата програма за работа и развој ќе ги реализира следните активности:

### 1. Издавање дозволи

- Согласно член 15, 16, 17 и 18 од Законот за железнички систем, Агенцијата во текот на 2011 година ќе издава дозволи за вршење јавен железнички превоз.

Рок: континуирано во календарската година

- Согласно условите предвидени со член 21 од Законот за железнички систем, Агенцијата ќе издава дозволи за управување со железничката инфраструктура.

Рок: континуирано во календарската година

**2. Решавање по жалби на железнички превозник по актите донесени од управителот на инфраструктурата**

- донесување решенија по жалби на железнички превозник по актите донесени од управителот на инфраструктурата, а во врска со објавата на мрежа, критериумите содржани во објавата на мрежа, процесот на доделување на инфраструктурни капацитети и постигнатите резултати, планот на наплата, висината или структурата на надомесокот за пристап до инфраструктурата која се плаќа или треба да се плати и договорите за пристап согласно член 65 од Законот за железнички систем.

Рок: континуирано во календарската година

**3. Надзор над квалитетот на давањето на железничките услуги од страна на железничкиот превозник и управителот на инфраструктура**

- Во насока на креирање амбиент кој ќе гарантира исполнување на правото на корисниците за квалитетни железнички услуги, особено значајна функционална компонента на надлежностите на Агенцијата е следењето на квалитетот на железничките услуги односно:

    - Надзор над квалитетот на давањето на железничките услуги од страна на железничкиот превозник,
    - Надзорот на квалитетот на давање на железничките услуги од страна на управителот на инфраструктура.

Надзорот на квалитетот на услугите ќе се врши врз основа на утврдените критериуми за квалитет на услугите кои управителот на инфраструктура и железничките превозници им ги овозможуваат на своите клиенти во патничкиот и товарниот сообраќај. Критериумите за квалитет на услугите се утврдени преку Студиите за квалитетот на услугите кои во текот на 2010 година изготвени од страна на Агенцијата и истите беа презентирани и прифатени од Министерството за транспорт и врски, инфраструктурната и транспортната компанија. Утврдени критериуми за квалитет се:

- Точност,
- Безбедност,
- Достапност и
- Состојба на пазарот.

Рок: континуирано во календарската година

**4. Контрола на почитувањето на правата на патниците**

- Почитувањето на правата на патниците ќе се следи преку исполнувањето на стандардите за квалитет на услугите кои патникот ги добива во станиците и возовите, како и врз основа на степенот на информирање на патникот пред и за време на патувањето односно:

  а) Информации пред патувањето:
  - Возен ред и услови/начин за најбрзото патување,
  - Возен ред и услови за најниски давачки за патување (Попусти по категории),
  - Пристапност, услови за пристап и достапност до објектите (во возот) за лица со посебни потреби,
  - Активности кои може да го прекинат или предизвикаат задоцнувањето,
  - Постапки за надоместок за загубен багаж,
  - Постапка за поднесување на жалби.

  б) Информации во текот на патувањето:
  - Услуги во возот,
  - Задоцнувања,
  - Прашања во врска со сигурноста и безбедноста.

  в) Минимални стандарди за квалитет на услуги
  - Информации и карти (Истакнување на огласни табли, возен ред во чекалните и на пероните),
  - Обележување, Осветлување на возот како и Греење во зимски услови,
  - Поседување на доволно капацитети во секој момент во зависност од потребите за превоз на патници,
  - Чистота во вагоните и објектите на станицата (хигиена во вагоните, хигиена во санитарните објекти и сл.),
  - Анализа на задоволството на клиентите,
  - Постапување по жалби,
  - Помош обезбедена за лица со посебни потреби.

Рок: континуирано во календарската година

**5. Развојни активности на Агенцијата**

- Агенцијата во текот на 2011 година заради подигање на капацитетите на вработените ги предвидува следните обуки:

  1. Механизми и критериуми за финансирање на проекти во железничката инфраструктура како одговор на барањата за дефинирање на квалитативни показатели во насока на потпишување на повеќегодишни договори помеѓу Владата на Република Македонија и железничката инфраструктурна компанија;

2. Развој на моделите за пресметување на таксата за пристап кон железничката инфраструктура во функција на склучување на повеќегодишни договори на Владата на Република Македонија со Македонски железници Транспорт АД Скопје;

3. Жалбена постапка (искуства при донесување на одлуки по жалба; одлуки донесени по спроведена ex officio постапка; мониторинг на пазарот и права на патниците)

Рок: Овие активности е планирано да се реализираат преку TAIEX програмата во текот на 2011 година

- Согласно сегашната состојба, во Агенцијата има 4 вработени. Овој број на вработени е недоволен за реализација на предвидените задачи од Програмата за работа за 2011 година, поради што во текот на 2011 година во согласност со Годишната програма за работа и развој на Агенцијата е предвидено бројот на вработени да се зголеми за уште две нови вработувања или вкупно 6 вработени. Доколку обемот на работа, потребите и финансиските услови дозволуваат, Агенцијата во согласност со предвидените законски прописи ќе ја преиспита потребата од дополнителни вработувања.

Рок: во втората половина од 2011 година

## 6. Тековни активности на Агенцијата

- Агенцијата во рамките на законските овластувања ќе обезбеди наплата на надоместокот за пристап до инфраструктурата кој е утврден од управителот на инфраструктурата да биде транспарентна, недискриминаторска и во согласност со законската регулатива. Истото ќе се спроведе преку следење на актите на инфраструктурната компанија односно објавата на мрежа, возниот ред и договорот за пристап кон инфраструктурата како и при одлучување во жалбена постапка согласно член 99 од Законот за железнички систем.

Рок: континуирано во календарската година

- Агенцијата во текот на своето работење во 2011 година особено внимание ќе посвети на континуирано ажурирање на базата на податоци за учесниците на пазарот на железничките услуги по однос на:

  - Објавата на мрежа;
  - Критериумите содржани во Објавата на мрежа;
  - Процесот за распределба на инфраструктурните капацитети и постигнатите резултати;
  - Договорот за пристап на железничката инфраструктура,
  - Други случаи со кои се осигурува пристап и користење на железничката инфраструктура.

Рок: континуирано во календарската година

- Ажурирање на регистарот на акти и прописи од делокругот на работењето на Агенцијата, како и регистар на постоечките директиви на ЕУ од областа на железниците.

Рок: континуирано во календарската година

**7. Изработка на студии, елаборати, анализи, анкети, мислења и предлози**

- Агенцијата во рамките на своите активности ќе изработува анализи, елаборати, студии, методологии и мислења од областа на железниците. При тоа, планирано е изработка на:

а) Студија за утврдување критериуми за економска анализа заради постигнување економска рамнотежа на договорот за јавна услуга.

Рок: 30.09.2011 година

б) Методологија за нивелирање на критериумите за квалитет и утврдување на ефектите на истите во врска со наплатата на таксата за пристап

Рок: 30.11.2011 година

- Агенцијата ќе го набљудува, односно анализира пазарот на железнички услуги во насока на обезбедување услови за либерализација на истиот, заштита на конкуренцијата и унапредување на конкуренцијата меѓу различните видови на транспорт. Анализата ќе се врши врз основа на статистички податоци доставени од сите учесници во железничкиот сообраќај;

Рок: континуирано во календарската година

- Преземање на активности во случај на неправично и дискриминаторско однесување на субјектите во железничкиот систем, по однос на:

  - Почитување на правата на патниците во железничкиот сообраќај,
  - Во случај на неправично и дискриминаторско однесување на управителот на инфраструктурата и секој превозник или барател на капацитет и доделување на траса, инфраструктура и услугите за наплата,
  - Во случај на неправично и дискриминаторско користење и толкување на Објавата на мрежа и рамковните договори,
  - Во случај на наплата на надоместок при заситена инфраструктура, ако планот за капацитети не може да се исполни или понудените планови се неекономични и финансиски неисплатливи,
  - Во случај на пристапот и користењето на приватни колосеци, патнички и товарни терминали и други железнички линии и инсталации за кои се потребни договори меѓу еден или повеќе превозници и управител на инфраструктура,

- Други прашања по барање на релевантни институции од областа на железниците.

Рок: континуирано во календарската година

- Во текот на 2011 година, Агенцијата ќе спроведе анкета на патниците во превозот со железница и анализа на искуството и задоволството на истите од услугите добиени во железничкиот патнички превоз.

Рок: во втората половина од 2011 година

## 8. Соработка со национални државни органи и регулаторни тела

- Агенцијата активно ќе соработува со државните органи во Република Македонија, пред се со Министерството за транспорт и врски, што е од особена важност од причина што активностите на Агенцијата кои се предвидени со Законот за железнички систем и директивите на ЕУ, се во корелација со надлежностите што ги извршува Министерството за транспорт и врски. Од тие причини, Агенцијата ќе продолжи со редовни контакти со Министерството за транспорт и врски, заради координирање на активностите и обезбедување континуитет во работата;

Рок: континуирано во календарската година

- Агенцијата, исто така ќе остварува и соработка со останатите регулаторни тела во Република Македонија, заради размена на искуства, особено во поглед на операционализацијата и практикувањето на регулаторната улога.

Рок: континуирано во календарската година

- Агенцијата ќе соработува со надлежни органи и институции при изготвување и при измени и дополнувања на законските и подзаконските акти од областа на своето работење.

Рок: континуирано во календарската година

## 9. Соработка со меѓународни органи и организации, како и со странски регулаторни тела од областа на железниците

- Продлабочување на соработката со Европската Железничка Асоцијација (ERA), Заедницата на Европски Железници (CER), како и контакти со регулаторни агенции на Бугарија, Словенија, Србија, Косово, Црна Гора и Хрватска, преку размена на искуства за практиките и проблемите на агенциите од областа на железниците,

Рок: континуирано во календарската година

- Потпишување меморандуми за соработка,

Рок: континуирано во календарската година

- Иницирање и учество во заеднички проекти со други регулаторни тела,

Рок: континуирано во календарската година

- Учество на билатерални и меѓународни конференции, како и проекти кои ја третираат регулаторната улога на агенциите во сферата на железничкиот превоз,

Рок: континуирано во календарската година

- Во 2011 година, Агенцијата ќе учествува на состаноците на работната група на регулаторните тела од областа на железници, во организација на Европската комисија.

Рок: два пати годишно во календарската година

## II. ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА

Активностите од Годишната програма за работа и развој е предвидено да се финансираат од сопствените приходи што Агенцијата ќе ги реализира во текот на 2011 година согласно одредбите за финансирање на Агенцијата пропишани со член 108 од Законот за железнички систем ("Службен весник на Република Македонија" бр.48/10).

Проценетите приходи и расходи на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор се презентирани во Годишниот финанасиски план за 2011 година, со образложение за висината на планираните приходи и расходи.

## III. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа програма влегува во сила следниот ден од денот на објавувањето на огласната табла и веб страницата на Агенцијата, по добивање согласност од Собранието на Република Македонија.

**Број: 01-25/4**
**26.01.2011 година**
**Скопје**

**Управен одбор**
**Претседател**

**Силвана Мојсовска**

Прилог: Табеларен приказ на динамиката на работните активности на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2011 година

| ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ДИНАМИКАТА НА РАБОТНИТЕ АКТИВНОСТИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР ЗА 2011 ГОДИНА | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.б. | Активност | јануари | февруари | март | април | мај | јуни | јули | август | септември | октомври | ноември | декември |
| 1 | Издавање дозволи за вршење јавен железнички превоз и дозволи за управување со железничката инфраструктура | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 2 | Решавање по жалби на железнички превозник по актите донесени од управителот на инфраструктурата | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 3 | Надзор над квалитетот на давањето на железничките услуги од страна на железничкиот превозник и управителот на инфраструктура | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 4 | Контрола на почитувањето на правата на патниците | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 5 | Развојни активности | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на Агенцијата | | | | | | | | | | | | |
| - Обуки на вработените | | | √ | √ | | √ | √ | | | | √ | √ | |
| - Нови вработувања | | | | | | | | √ | √ | | | | |
| 6 | **Тековни активности на Агенцијата во 2011 година** | | | | | | | | | | | | |
| - Обезбедување транспарентна, недискриминаторска и законска наплата на надоместокот за пристап до инфраструктурата кој е утврден од управителот на инфраструктурата | | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| - Континуирано ажурирање на базата на податоци за учесниците на пазарот на железничките услуги | | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| - Ажурирање на регистарот на акти и прописи од делокругот на работењето на Агенцијата, како и регистар на постоечките директиви на ЕУ од областа на железниците | | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 7 | **Изработка на студии, елаборати, анализи, анкети, мислења и предлози** | | | | | | | | | | | | |
| - Студија за утврдување критериуми за економска анализа заради постигнување економска рамнотежа на договорот за јавна услуга | | | | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | | | |
| - Методологија за | | | | | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | нивелирање на критериумите за квалитет и утврдување на ефектите на истите во врска со наплатата на таксата за пристап | | | | | | | | | | | | |
| | - Анализа на пазарот на железнички услуги во насока на обезбедување на услови за либерализација на истиот, заштита на конкуренцијата и унапредување на конкуренцијата меѓу различните видови на транспорт | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| | - Преземање на активности во случај на неправично и дискриминаторско однесување на субјектите во железничкиот систем | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| | - Анкета на патниците во превозот со железница и анализа на искуството и задоволството на истите од услугите добиени во железничкиот патнички превоз | | | | | | √ | √ | √ | √ | √ | √ | |
| 8 | **Соработка со национални државни органи и регулаторни тела** | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 9 | **Соработка со меѓународни органи и организации, како и со странски регулаторни тела од областа на** | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| железниците | | | | | | | | | | | | |
| - Продлабочување на соработката со Европската Железничка Асоцијација (ERA), CER, како и контакти со регулаторни агенции на Бугарија, Словенија, Србија, Косово, Црна Гора и Хрватска, преку размена на искуства за практиките и проблемите на агенциите од областа на железниците; | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| - Потпишување на меморандуми за соработка; | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| - Иницирање и учество на заеднички проекти со други регулаторни тела; | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| - Учество на билатерални и меѓународни конференции, проекти кои ја третираат регулаторната улога на агенциите во сферата на железничкиот превоз | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| - Учество на состаноците на работната група на регулаторните тела од областа на железници, во организација на Европската комисија | | | | | | √ | | | | | √ | |